**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-1263/4
Датум: 19.8.2024 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 75 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019), а во врска со членовите 5 и 8 од Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024 година), Деканатската управа на Факултетот на седницата одржана на 19.8.2024 година, донесе

# ОДЛУКА

за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

1. На студентите запишани на прв и втор циклус студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје (во натамошниот текст: Факултетот), им се наплатуваат следните дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми, и тоа:

| Ред. бр. | Назив на услугата | Износ во денари | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | Издавање уверение за положени испити во текот на студиите | 200,00 | |
| 2. | Издавање потврди за статус на студент | 100,00 | |
| 3. | Издавање потврди по разни основи | 500,00 | |
| 4. | Издавање потврди по разни основи на англиски јазик | 1.000,00 | |
| 5. | Набавка на материјални ресурси за реализација на студиска програма (годишно) | 1.700,00 | |
| 6. | Издавање уверение за положени испити во текот на студиите со оценки, фонд на часови и кредити | 500,00 | за секој нареден примерок по 300,00 денари |
| 7. | Издавање уверение за положени испити во текот на студиите со оценки, фонд на часови и кредити на англиски јазик | 1.000,00 | за секој нареден примерок по 300,00 денари |

2. Студентите запишани на прв и втор циклус студии на Факултетот им се наплаќаат надоместоци за услуги и трошоци согласно Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024 година), и согласно оваа Одлука.

3. Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за висината на надоместоците за извршените услуги што ги плаќаат студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии бр. 02-2136/1 од 17.10.2016 година.

4. Одлуката ќе започне да се применува од учебната 2024/2025 година.

5. Одлуката се објавува на веб страницата на Факултетот.

6. Одлуката да се достави до: Управата, УКИМ, Одделението за студентски прашања, сметководството, општата служба и архивата на ФЕИТ.

Декан
Проф. д-р Владимир Атанасовски